# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАРДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2502-182/18 од 12.8.2014 година донесена на 122. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 12 август 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научната област *кардиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 4 јули 2014 година и во предвидениот рок се пријави **м-р д-р Гордана Камчева**, асистент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, специјалист интернист.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р д-р Гордана Камчева** е родена на 16 февруари 1983 година во Штип. Основно и средно училиште завршува во Штип, а во 2007 година завршува Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со просек на студирање 9,35.

Во 2007 година се запишува на втор циклус студии по медицина, на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, област кардиологија, на тема „Влијание на применетиот терапевтски третман врз раниот клинички тек кај пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација од источниот регион на Република Македонија”, кои ги завршува во 2011 година, со просек на студирање 9,80 и се стекнува со назив магистер на медицински науки, област кардиологија.

Во мај 2008 година започнува со специјализација по интерна медицина и завршува во 2012 година, стекнувајќи се со назив специјалист по интерна медицина.

Од 2012 година е запишана на трет циклус студии по клиничка медицина, област кардиологија, истата во тек.

***Членство во професионални асоцијации***

01/2000 год. - Член на Општинска организација на Црвен крст – Штип.

05/2007 год. - Член на Македонската асоцијација за историја на медицината.

07/2007 год. - Член на Македонско лекарско друштво.

01/2008 год. - Член на Internacional Medical Geology Association.

01/2010 год. - Член на Македонското кардиолошко здружение.

01/2010 год. - Член во Редакција на “Medicus” - Информативен гласник на јавното здравство – Штип.

12/2012 год. - Член на Здружението на интернисти на Република Македонија.

01/2014 год. - Член во редакција на Штипско научно здружение.

Кандидатката ги исполнува условите за избор во звање асистент-докторанд за научната област патолошка анатомија што се докажува со:

1. Остварен просечен успех од прв 9.35 и од втор 9.80 циклус на студии;
2. Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик – Б1;
3. Има објавено 34 научни трудови;
4. Покажува способност за наставно-научна дејност;

5. Има две препораки од професори за соодветната научна област за која се врши изборот.

***Наставно-образовна дејност***

На 1 ноември 2008 година е вработена на работна место **помлад асистент** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Одлука бр.0307-193/78 на 24 октомври 2008 година.

На 6 јули 2009 година се распоредува на матичната **Катедра по интерна медицина** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Одлука бр.0402-13/123 на 6 јули 2009 година.

Со Одлука бр.2502-97/4 на 16 септември 2011 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки е избрана во соработничко звање **асистент** за научно-наставно поле/област клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во учебната **2011/2012** година е ангажирана за вежби на прв циклус студии по предметите: за зимски семестар (*Интерна медицина со нега*, *Геријатрија со нега* - Стручни студии - Медицински сестри/техничари; *Интерна медицина -одбрани поглавја*, *Трансфузиологија*, *Хематологија* - Стручни студии -Медицински лаборант; *Интерна медицина со ревматологија*, *Геријатрија со нега* - Стручни студии - Физиотерапевти; *Прва помош* – Стручни студии - Оптометрија и очна оптика; *Прва помош* – Студиска програма Дентална медицина) и за летен семестар (*Прва помош*, *Интерна пропедевтика* - Студиска програма Општа медицина; *Прва медицинска помош* - Стручни студии - Медицински лаборант; *Прва помош и реанимација* - Стручни студии - Физиотерапевти; *Прва медицинска помош* - Стручни студии - Медицински сестри/техничари).

Во учебната **2012/2013** година е ангажирана за вежби на прв циклус студии по предметите: за зимски семестар (*Прва помош*, *Болничко згрижување*, *Клиничко испитување 1*, *Клиничка кардиологија* - Студиска програма Општа медицина; *Прва помош* - Стручни студии-Оптометрија и очна оптика; *Прва помош* - Студиска програма Дентална медицина) и за летен семестар (*Социјална медицина*, *Вовед во клиничка пракса* - Студиска програма Општа медицина; *Прва медицинска помош* - Стручни студии-Медицински сестри/техничари; *Прва медицинска помош* - Стручни студии-Медицински лаборант; *Прва помош и реанимација* - Стручни студии-Физиотерапевти).

Во учебната **2013/2014** година е ангажирана за вежби на прв циклус студии по предметите: за зимски семестар (*Основи на клиничка пракса* – Стручни студии-Акушерки; *Клиничко испитување 1* - Студиска програма по Општа медицина; *Прва помош* - Студиска програма Дентална медицина) и за летен семестар (*Интерна медицина*, *Вовед во клиничка пракса*, *Прва медицинска помош* - Студиска програма Општа медицина; *Основи на геријатрија* - Стручни студии-Физиотерапевти; Интерна медицина со нега - Стручни студии - Медицински сестри/техничари).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

***Стручно усовршување***

- 13-27.1.2010 г. - Добиена стипендија од ДААД за стручно усовршување на Клиника за кардиологија - Нинберг, Германија.
- 19-20.2.2011 г. – Кардиоваскуларен курс од страна на Европската асоцијација по нуклеарна медицина, Виена, Австрија.
- 7-16.6.2011 г. - Стручно усовршување на Клиника за кардиохирургија - Нинберг, Германија.

***Објавени стручни авторски и коавторски трудови во земјава и во странство***

1.**Kamceva, Gordana** (2014) *Времето е мускул*. Интернисти, 7 (32)

Во овој труд се зборува за дијагнозата, третманот, раниот клинички исход кај пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација-СТЕМИ кои се по потекло од источниот регион на Р.Македонија. Исто така, опфатено е и времето на транспорт на пациентите од почетокот на симптомите до нивната хоспитализација и почетокот на

соодветниот третман. Брзиот транспорт и дијагностицирањето, како и брзиот третман со перкутани коронарни интервенции е основен предуслов за зачувување на срцевиот мускул во тек на СТЕМИ. ВРЕМЕТО Е МУСКУЛ.

2.Dimitrovska Ivanova, Marija and **Kamceva, Gordana** and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar (2014). *Новини во дијагностика и терапија на еозинофилен езофагеит*. Medicus, 9 (20). pp. 24-25. ISSN 1857-5994

Во трудот се говори за причините за настанување и симптомите на едно од честите заболувања на хранопроводот – еозинофилниот езофагеит. Посебен осврт е даден во начините за дијагноза дијагноза и терапија на ова заболување, како и диференцијано – дијагностичките проблеми со кои може да се сретне лекарот при одредување на заболувањето. Трудот говори за потребата од правилно насочена исхрана врз основа на алерго тестовите со која полесно се постигнува куративниот ефект заедно со медикаментозната терапија.

3.**Kamceva, Gordana** (2014). *Arbo-вирусни (сезонски) менинго енцефалитиси*. Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip, 9 (20)

ARBO вирози се заболувања предизвикани од голема група термолабилни RNK вируси. Основниот механизам за пренесување на инфекцијата е трансмисијата на вирусите од природните резервоари преку векторите комарци и крлежи на човекот предизвикувајќи тешки клинички синдроми на нервниот систем, акутни фебрилни заболувања и хеморагични трески. Во трудот особено се обрнува внимание на мерките за превенција од овие болести.

4.**Kamceva, Gordana** (2013). *Влијание на применетиот терапевтски третман врз раниот клинички тек кај пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација од источниот регион на Република Македонија (втор дел)*. Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip, 8 (17). ISSN 1857-5994

Овој труд е продолжение за дијагнозата и третманот на пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација (СТЕМИ), но со посебен осврт на начинот на третман и раниот интрахоспитален морталитет кај овие пациенти во источниот регион на Р.Македонија.

5.Velickova, Nevenka and Ruskovska, Tatjana and **Kamceva, Gordana** and Ivanovska, Verica (2013). *Biological and genotoxic monitoring as integral part of predictive and preventive medical surveillance of children living in polluted area*. General Medicine Journal, 19 (1-2). pp. 26-30. ISSN 2217-3994

Овој труд се однесува на последиците од труењето и високата концентрација на олово во крвта поради загадена средина од топилница за олово и цинк во Велес, кај детската популација и можните последици од тоа, споредено со контролна здрава група.

6.**Kamceva, Gordana** (2012). *Влијание на применетиот терапевтски третман врз раниот клинички тек кај пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација од источниот регион на Република Македонија (прв дел)*. Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip, 7 (15). ISSN 1857-5994

Во овој труд се говори за дијагнозата и третманот на акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација (СТЕМИ) според препораките на Европското кардиолошко здружение. Исто така, даден е краток осврт на начинот на третман кај пациентите со СТЕМИ во неколку градови во Европа.

7.Velkoska Nakova, Valentina and Debreslioska, Angela and **Kamceva, Gordana** (2012). *Субсегментен белодробен емболизам: третман да или не?* Книга на апстракти од 5-ти Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество во организација на ЈЗУ-Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија, Скопје, Македонија. p. 68.

Трудот говори дали примената на антикоагулантна терапија е терапија на избор кај пациенти со субсегментен белодробен емболизам, споредено со резултати надвор и во земјата. Како заклучок е донесено дека субсегментниот белодробен емболизам треба да се опсервира, без ординирање на антикоагулантна терапија, но овој заклучок треба да се потврди во идни проспективни студии.

8.Kamcev, Nikola and Danilova, Marina and Ivanovska, Verica and **Kamceva, Gordana** and Velickova, Nevenka and Richter, Kneginja (2012). *A general overview of the healthcare system in the Republic of Macedonia: health indicators, organization of healthcare system and its challenges*. EPMA Journal, 1. pp. 153-166. ISSN 1878-5085

Во овој труд се зборува за здравствениот систем во Македонија, со посебен акцент на организацијата на здравствениот систем.

9.Kamcev, Nikola and Angelovska, Bistra and **Kamceva, Gordana** (2010). *Health Organization in Republic of Macedonia – The place of preventive health care in the medical health system- advantages and disadvantages*. The EPMA Journal, 1 (4). pp. 595-599. ISSN 1878-5077

Во трудот се зборува за здравствениот систем во Македонија, кој е организиран од страна на јавни или приватни здравствени установи и поделена на три нивоа: примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита. Согласно со законските прописи и нивните дела, регулаторните тела за превентивна здравствена заштита се здравствени установи од примарната здравствена заштита. Во периодот на транзиција, почнувајќи од 1991 година до денес, голем број измени на здравствениот систем се направени во врска со реформите во здравството. Приспособување на системот на новите околности и постојани промени предизвика делумно нарушување во воспоставениот систем за превентивна активност за здравствена заштита.

10.Gjorgjeska, Biljana and Kamcev, Nikola and Panov, Zoran and Zajkova-Paneva, Vesna and Gorgieva, Darinka and Smilkov, Katarina and **Kamceva, Gordana** and Kamceva, Milka (2008). *Влијанието на концентрацијата на тешките метали во серумот врз здравјето кај рударската популација во Пробиштип*. Епилепсија, 1. pp. 55-66. ISSN 1409-617x

Во овој труд се прикажани оригинални научни резултати за концентрацијата на тешките метали во серумот на рударите во Пробиштип, испитани со современа ICP аналитичка метода.

11.**Kamceva, Gordana** and Vavlukis, Marija and Kedev, Sasko (2014). *Трансрадијален или трансфеморален пристап за примарни перкутани коронарни интервенции кај пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација*. In: 5 ти Македонски конгрес по кардиологија, 4-7 June 2014.

Целта на трудот беше да се процени и покаже влијаните на „acces site, т.е. местото на пристап при изведување на перкутаните коронарни интервентни процедури (ПКИ), врз краткорочниот клинички тек и исход кај пациентите со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација.

12.**Kamceva, Gordana** (2013). *Pulmonary embolism - case report*. In: OMI - Salzburg Medical Seminar, Cardiology, 20-26 Oct 2013, Salzburg. (Unpublished)

Во овој труд е обработен приказ на случај со белодробна тромбемболија со можноста за хепаринска резистенција, со јасни клнички знаци и симптоми, одлуката за начинот на третман според препораките на Европското кардиолошко здружение, со посебен осврт на примената на антикоагулантна терапија.

13.Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Velickova, Nevenka (2013). *Преваленција на HBsAg, анти HCV и анти HIV кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција на хемодијализа при Клиничка болница во Штип*. In: Октомвриски средби во организација на Универзитетска клиничка лабораторија, 03-06 Oct 2013, Струга.

Во овој труд се утврди висока преваленца на на HBsAg, анти HCV и анти HIV кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција на хемодијализа во Одделенито за хемодијализа во Клиничка болница - Штип. Тестирањето на вирусните маркери се изврши со имуноензимски тестови. Во трудот се опфатени и општите и специфичните мерки за превенција кај оваа ранлива група на пациенти.

14.Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Velickova, Nevenka and Kamceva, Milka (2013). *60 години Служба за трансфузија на крв, 60 години организирано крводарување во општина Штип*. In: 4. Македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 18-19 Apr 2013, Скопје.

Станува збор за ретроспективна студија која го прикажува развојот на крводарителството во Општина Штип, во периодот од 50 години од минатиот век па сè до денес. Неговите почетоци, промени, недоследности и приспособувања кон целокупниот здравствен систем. Целокупната студија е базирана на сите досегашни архивски податоци од Клиничката болница во Штип и пошироко.

15.Doncovska, Snezana and Velkoska Nakova, Valentina and **Kamceva, Gordana** and Marolova, Angela (2012). *Акутен панкреатитис предизвикан од хиперлипидемија кај млад*. In: IX Macedonian Gastroenterology and hepatology congress with international participation, 31 May-3 June 2012, Ohrid.

Акутниот панкреатитис е реверзибилен инфламаторен процес. Хиперлипидемијата како етиолошки фактор се опсервира во 12-39% од случаите со акутен панкреатитис. Појавата на псеудоцисти се смета за мајорна компликација. Приказ на случај: маж на 34-годишна возраст за првпат се јавува на Интерно одделение поради силна епигастрична болка проследена со гадење и повраќање по обилен масен оброк, неговата дијагноза и соодветниот третман за време на хоспитализацијата.

16.**Kamceva, Gordana** and Kamcev, Nikola and Velkoska Nakova, Valentina and Vavlukis, Marija and Kedev, Sasko (2012). *Heart failure and early hospital mortality in patients with acute myocardial infarction with ST-segment elevation*. In: Heart Failure Congres, 19-22 May, Belgrade, Serbia.

Во трудот се опфатени и разгледани раниот интрахоспитален морбидитет, интрахоспиталните компликации и морталитет кај пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација (СТЕМИ) лекувани без активна реперфузиона терапија, кај пациенти кои примиле фармаколошка реперфузиона терапија и кај пациенти кои биле третирани со механичка реперфузиона терапија, кај пациенти од источниот регион на Р.Македонија.

17.Velickova, Nevenka and Bekceva, Vesna and **Kamceva, Gordana** and Panova, Gordana and Ivanovska, Blagica (2012). *Потребата од здравствена едукација за складирање и транспортирање на медицински отпад*. In: III Конгрес на лекарите по општа медицина на Р. Македонија со меѓународно учество, 2012, Ohrid.

Главна цел на овој труд е да се прикажат сите чекори што водат кон едно комплетно решение на проблемот со медицинскиот отпад, за да се спречи опасноста од можни заболувања, првенствено кај лица што се директно изложени со правилно собирање, сегрегација, пакување, одбележување, правилен транспорт до депонијата и нивно уништување. Со правилно спроведување на политиката за управување со медицинскиот отпад, преземање на превентивни мерки за заштита на лицата коишто управуваат со отпадот и мерките што ги преземаат одредени служби имаат за цел обезбедување на здрава животната средина.

18.Velickova, Nevenka and Serbin, Nikoleta and Panova, Gordana and **Kamceva, Gordana** and Ivanovska, Biljana (2012). *Дијагностицирање и превенција на најчестите анемии во источниот регион на Р.Македонија*. In: III Конгрес на лекарите по општа медицина на Р. Македонија со меѓународно учество, 26-29 април 2012, Охрид, Македонија.

Во трудот се опфатени најчестите анемии во источниот регион на Република Македонија во периодот од 2004 до 2009 година, детекција на најчестите причинители кои доведуваат до појава на анемија и нивна превенција.

19.Papakoca, Kiro and **Kamceva, Gordana** and Papakoca, Gordana and Kamcev, Nikola and Dimova, Cena and Popovski, Stipica and Burlibasa, Mihai and Mihai, Augustin (2011). *Antibiotic resistance of specific microorganisms after alveolar ridge reconstruction*. In: 16th Congress of the Balkan Stomatological Society, Update in Dental Medicine, 28 Apr- 1 May, 2011, Bucharest, Romania.

Во оваа студија се изолирани од инфективни процеси, по алвеоларен гребен реконструкција, од 15 пациенти во период од 4 години (2007-2010). Експериментален модел е развиен за утврдување на антибиотик чувствителност кон бактериските клетки кои се вклучени во биофилмови.

20.Velickova, Nevenka and Gacova, Marina and Dimova, Cena and Papakoca, Kiro and **Kamceva, Gordana** (2011). *Risks factors for Oral-facial clefts*. In: 16th Congress of the Balkan Stomatological Society, Update in Dental Medicine, 28 Apr-1 May 2011, Bucharest, Romania.

Во оваа студија се оценуваат ризик-факторите, инциденцата, причините и симптомите на усни пукнатини на лицето на деца хоспитализирани во Клиничка болница – Штип.

21.Velickova, Nevenka and **Kamceva, Gordana** and Panova, Gordana and Ivanovska, Blagica (2011). *Gluten and casein free diet on children with autism*. In: 34 International Medical

Scientific Congress for medical students and young doctors, 12-15 May 2011, Ohrid, Macedonia.

Овој труд зборува дека со отстранување на изворите на глутен и казеин од исхраната на децата со аутизам, има огромен успех во најмалку олеснителни и на моменти елиминирање на симптомите на аутизмот. Аутизмот не е ментална болест, тоа е развоен хендикеп, кој ја нарушува социјална интеракција и комуникација.

22.Ruskovska, Tatjana and Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Siljanovski, Nikola (2011). *Reproducibility of 3-part differential hematology analyzer medonic ca620: a study after 3 years and 90 000 samples*. In: EPMA-World Congress, 15 -18 September 2011, Bonn, Germany.

Целта на оваа студија беше да се утврди репродуктивноста на хематолошкиот анализатор Medonic CA620 по три години интензивна експлоатација и 90.000 примероци. Исто така, направена е споредба на добиените податоци со резултатите од слична студија спроведена по девет месеци на интензивна експлоатација на истиот анализатор и со податоците дадени од производителот.

23.**Kamceva, Gordana** and Panova, Gordana and Velickova, Nevenka and Kamcev, Nikola and Panova, Blagica (2011). *The correlation between tha cardio-vascular risk factors and deep vein thrombos in patients treated at the clinical hospital in Stip*. In: Second international medical congress-SEEMF, 07-10 Sept 2011, Nesebar, Bulgaria.

Во студијата се говори за кардиоваскуларни фактори на ризик за длабока венска тромбоза, кај пациенти со длабока венска тромбоза хоспитализирани и третирани во одделенијата во Клиничката болница во Штип: артериосклеротични фактори на ризик, пушењето цигари, хипертензија, дислипидемија, физичката неактивност, дебелината и консумирање алкохол.

24.Dimova, Cena and Papakoca, Kiro and Kovacevska, Ivona and **Kamceva, Gordana** (2010). *Use of tranexamic acid in anticoagulated oral surgery patients*. In: 15th Congress of the Balkan Stomatological Society "Advancing the Art and Science in Dentistry", 22-25 Apr 2010, Thessaloniki, Greece.

Од оралните хирурзи често се бара да управуваат со пациенти кои примаат орални антикоагуланси. Целта на третманот е да се намали ризикот од крвавење, додека продолжува да се заштитат пациентите од создавањето на тромбоемболија. Обичниот третман вклучува прекин на антикоагулантна терапија при интервенции за орална хирургија за да се спречи крвавење.

25.Kamcev, Nikola and Vitlarova, Jordanka and **Kamceva, Gordana** and Kamceva, Milka and Velickova, Nevenka (2009). *Undesired effects from blood transfusion at the daily transfusion hospital with the PHI" General hospital" in Stip*. In: III Congress of the Macedonian Society of Transfusion Medicine, 10-14 June, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во трудот се објаснуваат несаканите ефекти од трансфузија на крв во текот на изминатите 10 години со пациентите примени во дневната болница на трансфузиологија во Штип.

26.Kamcev, Nikola and Vitlarova, Jordanka and **Kamceva, Gordana** and Kamceva, Milka and Velickova, Nevenka (2009). *Autologous blood transfusion on operated patients of the orthopedic section of the public health institution general hospital in Stip*. In: III Congress of the Macedonian Society of Transfusion Medicine, 10-14 June 2009, Ohrid, Macedonia.

Во трудот се објаснува нашето искуство во трансфузија на автологна крв на оперираните пациенти на Оддел за ортопедија во Штип.

27.Vitlarova, Jordanka and Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Velickova, Nevenka and Dejanova, Vesna and Cuckova, Biljana (2009). *The use of plasma components in a therapy of patients with liver cirrhosis in a daily transfusion hospital in Stip*. In: III Congress of Macedonian society of transfusion medicine, 10-14. 06.2009, Ohrid, R. Macedonia.

Во овој труд се говори за употребата на плазма компоненти – донатор на свежа смрзната плазма и човечки 20% албумин во терапија на пациенти со цироза на црниот дроб во Дневната болница на трансфузија во Штип.

28.Velickova, Nevenka and **Kamceva, Gordana** and Kamcev, Nikola and Panov, Zoran (2011). *Correlation of heavy metals and theirs impact to epidemiological survey in the miners blood donors and other human population*. Vox Sanguinis, 101 (suppl.). p. 125. ISSN 1423-0410

Во трудот е опфатена споредба на хематолошките параметри помеѓу рудари кои се донори на крв и донори на крв кои не се експонирани на тешки метали. Беа опфатени 120 рудари од топилницата за олово и цинк во Велес, Р.Македонија.

29.Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Velickova, Nevenka (2011). *Prevention from transfusion transmissive diseases in the regional center for transfusion medicine in Stip, Republic of Macedonia for the period 2009-2010*. Vox Sanguinis, 101 (2 ). ISSN 1423-0410

Во трудот се говори за примената на високосензитивни и специфични тестови кои се користат во Клиничката болница во Штип за превенција од трансфузиски трансмисивни заболувања при дарување на крв.

30.Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Vitlarova, Jordanka and Kamceva, Milka and Velickova, Nevenka and Ikonomovska, Lidija (2010). *Pre-transfusion testing of blood examples at WU transfusiology at General Hospital in Stip, Republic of Macedonia*. Vox Vox Sanguinis, 99 (1). ISSN 1423-0410

Овој труд ги презентира преттрансфузионите техники и процедури во современа трансфузиологија кои се користат и кои доведуваат до сигурна трансфузија на крв и крвни компоненти.

31.Vitlarova, Jordanka and Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Velickova, Nevenka (2009). *Iron deficiency in repeated blood donors in WU transffusiology at General Hospital in Stip*. Vox Sanguinis, 96 (1). p. 138. ISSN 1423-0410

Во трудот се оценува појавата на железо-дефицитна анемија кај крводарители кои редовно донирале крв, четири пати годишно кај мажи и три пати кај жени во последните пет години. Добиените резултати покажаа дека неконтролираната дарување на крв е можен фактор на ризик за појава на железо дефицитарни анемија, особено кај жените. За да се избегнат можните несакани ефекти, пред секое дарување на крв е потребно со дополнителни лабораториско-биохемиски мерења да се утврди постоењето на латентна железо дефицитарни анемија.

32.**Kamceva, Gordana** and Kamcev, Nikola and Velickova, Nevenka (2009). *Relationship between blood group of ABO blood system and coronary arterial disease*. Vox Sanguinis, 96 (1). pp. 188-189. ISSN 1423-0410

Во овој труд се говори за поврзаноста на крвните групи од АБО крвногрупниот систем како ризик-фактор за коронарна артериска болест. По целосно истражување на студијата, добиените резултати покажуваат дека постои врска помеѓу А крвна група од АБО крвниот систем како фактор на ризик за појава на коронарна артериска болест

33.Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** and Velickova, Nevenka (2009). *The influence of the concentration of heeavy metals in the blood of miners-blood donors in the municipality of Probistip*. Vox Sanguinis, 96 (1). ISSN 1423-0410

Од добиените резултати во трудот може да се види зголемената концентрацијата на тешките метали (олово, цинк и кадмиум) во серумот на рудари-крводарители кои работат во Пробиштип, во рудникот за олово и цинк, се потенцијален ризик за здравјето.

34.Kamcev, Nikola and Vitlarova, Jordanka and Kamceva, Milka and Velickova, Nevenka and **Kamceva, Gordana** (2008). *The incidence of HbsAg, anti-HCV, anti-HIV and treponema pallidum antibodies in repeated blood donors for the eastern part of Republic of Macedonia*. Vox Sanguinis, 95 (1). pp. 269-270. ISSN 1423-0410

Хепатит Б и Ц вирусна инфекција претставуваат сериозен здравствен и социјален проблем во Република Македонија. Целта на трудот беше да се утврди инциденцата на HBsAg, анти-ХЦВ, анти-ХИВ и Treponema pallidum антителата во крвта на крводарителите од источниот дел на Република Македонија. Се заклучи дека донирана крв од честите крводарители е со низок процент на ризик за пренос на преносна болести во споредба со ризикот од донирана крв за првпат.

***Сертификати од конгреси, семинари, работилници и стручни состаноци (континуирана медицинска едукација)***

1.Сертификат како потврда за присуство на работилницата на тема *„Порана употреба на инсулин според медицината базирана на докази"*, од страна на Научното здружение на ендокринолозите и дијабетолозите на Р.Македонија, Скопје, февруари 2008 година.

2.За учество на работилницата на тема *„Депресивните растројства во ординацијата на лекарот од примарната здравствена заштита"*, Здружение на психијатри на Р.Македонија, Скопје, 2008 година.

3.За учество на стручен состанок на тема *„Современ менаџмент на остеопороза"*, од страна на Македонското здружение за остеопороза, Скопје, 2008 година.

4.За активно учество на III Македонски конгрес на Историја на медицината, Штип, 5-7.6.2008 година.

5.За предавач за изведување на наставна програма за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода, од страна на Црвен крст на Република Македонија, Скопје, 24.10.2008 година.

6.За учество на стручен состанок на тема *"Rosiglitazone во третман на Diabetes Mellitus тип-2"*, Едукативен центар Дојран, 25.10-16.12.2008.

7.За учество на секцискиот состанок за Здружението на инфектолозите, на тема *„Клинички и епидемиолошки аспекти на мумпс епидемијата во Република Македонија 2008/2009"*, Скопје, 10.4.2009 година.

8.Учество на стручен состанок на тема *„Стекнати инхибитори"*, Здружение на трансфузиолози на РМ, Скопје, 29.4.2009 година.

9.Со овој сертификат се потврдува посетата на работилниците и предавањата на IX семинар за *квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика* од страна на Македонското лабораториско здружение, Охрид, 18-21.6.2009 година.

10.За учество на Првиот македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество-МААР, Охрид, 30.9-3.10.2009 година.

11.Учество на III Конгрес на трансфузиолозите на Република Македонија со меѓународно учество, Скопје, 2009 година.

12.За учество на стручен состанок на тема *„Современа електротерапија на малигните пореметувања на срцевиот ритам"*, од страна на Здружението на кардиолози на Република Македонија, Штип, ноември 2009 година.

13.Сертификат за постер презентација на 15. Конгрес на Балканското стоматолошко здружение, Солун, 22-25.4.2010 година.

14.За учество на 4. Македонски кардиолошки конгрес, Охрид, 2-5.6.2010 година.

15.Учество на стручен состанок на тема *„Акутни горнореспираторни инфекции, дијагностика и третман"*, Здружение на лекарите по општа медицина, Скопје, 1.11.2010-31.03.2011 година.

16.Учество на стручен состанок на тема *„Дијагноза и терапија на анксиозни и депресивни растројства"*, Здружение на лекарите по општа медицина, Скопје, 25.1-30.4.2011 година.

17.За учество на работилница со тематска единица *„Цистична фиброза"*, Катедра за педијатрија, Скопје, 2011 година.

18.Sertificate of attendance to EANM Cardiovascular course, at the EANM Educational Facility in Vienna, Austria, February, 19-20.2011.

19.За континуирана медицинска едукација и присуство на работилница за *механичка вентилација за возрасни и деца - практичен тренинг*, Здружение на лекари за критично болни пациенти, 23.2.2011 година.

20.Потврда за учество на работилница на тема *„Рационална емпириска антимикробна терапија на акутни респираторни инфекции"* од страна на Македонското респираторно здружение, Скопје, 2011 година.

21.Сертификат за присуство на состанокот по повод *Светскиот ден на бубрезите „Заштити ги бубрезите – сочувај го срцето"*, од страна на Македонското здружение на нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи (МЗНДТВО), Републичко

здружение на бубрежно долни граѓани (НЕФРОН), Здружение на нефролози при МЛД, Скопје, 10.3.2011 година.

22.Учество на стручен симпозиум на тема *„Светски ден на астма-реалност и перспективи"*, Македонско респираторно здружение, 5.5.2011 година.

23.Учество на стручен состанок на тем *„1.Валсартан во терапија на артериска хипертензија", „Валсартан во терапија на акутен миокарден инфаркт", „Валсартан во терапија на пациенти со срцева слабост"*, Здружение на кардиолози на Р.Македонија, 10.5.2011 година.

24.За учество на стручен состанок на тема *„Беснило – превенција и третман"*, Здружение на инфектолози на Р.Македонија, 23.5.2011 година.

25.Со овој сертификат се потврдува посетата на работилниците и предавањата на XI семинар за *квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика* од страна на Македонското лабораториско здружение, Охрид, 16-19.6.2011 година.

26. For participation in the ESC Congress 2011 in Paris, France, 27-31.08.2011.

27.За учество на стручен состанок за тема *„Долготрајна заштита од остеопоротични фрактури"*, Македонско здружение за остеопороза, Штип, 6.9.2011 година.

28.За учество на стручен состанок на Здружението на радиолози, Дојран, 2.10.2011 година.

29.Обука на тема *„Унапредување на контролата на беснило на Република Македонија"*, проект финансиран од Инструментот за претпристапна помош (IPA), Здружение на епидемиолозите на Р.Македонија, 2011 година.

30.Учество на симпозиум на тема *„Новини во раната дијагностика и мултидисциплинарен третман на карцином на дојка"*, Скопје, 2011 година.

31.Учество на стручен состанок на тема *„Бенефити од ХПВ вакцината во превенција на ракот на грлото на матката"*, Скопје, септември 2011 година.

32.За учество на стручен состанок во организација на Македонско кардиолошко здружение на тема *„Новини во третманот на кардиоваскуларните заболувања"*, Скопје, 29.9.2011 година.

33.За учество на стручен состанок на тема *„Современи принципи во инфектологијата"*, Здружение на инфектолози на Р.Македонија, 29.12.2011 година.

34.Учество на работилница на тема *„Домашна терапија – предуслов за одржување на мускулно-скелетниот систем кај лицата со хемофилија"*, Здружение на трансфузиолози на Р.Македонија и Здружение на хематолози на Р.Македонија, Скопје, 2011 година.

35.За учество во работата за Здружението на физијатрите на Р.Македонија на едукативно-работната средба, Скопје, 6.3.2012 година.

36.За активно учество и успех на *завршен модул 1 од Школата за практикување медицина базирана на докази*, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 17-18.3.2012 година.

37.Учество на работилница на тема *„Диабетес, ХББ и рана дијагноза на анемија"*, Штип, мај 2012 година.

38.За учество на работилница на тема *„Правилно водење на остеопорозата"*, Македонско здружение на остеопороза, Скопје, 2012 година.

39.За учество на стручен состанок на тема *„Дијагноза и третман на акутна кашлица"*, Скопје, 2012 година.

40.Учество на стручен состанок на тема *„Бруцелозата – проблем во хуманото и ветеринарното здравство"*, Здружение на епидемиолозите на Р.Македонија и Македонско лекарско друштво, Скопје, 2012 година.

41.Учество на Симпозиум *„Новини во педијатријата"*, Здружение на педијатрите на Македонија, Струга, 20-22.4.2012 година.

42.За учество на работилница на тема *„Современ пристап во лекување на анксиозно депресивни растројства"*, Здружение на психијатри на Р.Македонија, Скопје, 15.09-30.10.2012 година.

43.За учество на работилница на тема *„Улогата на ренинскиот систем во кардиоваскуларниот систем"*, Здружение на интернисти за Република Македонија,

25.10.2012 година.

44.За учество на стручен состанок на тема *„Темпорални и екстратемпорални лобни епилепсии”*, Македонско лекарско друштво, 26.10.2012 година.

45.За учество на работилница на тема *„Ревматологијата во примарна здравствена заштита”*, Центар за семејна медицина, Штип, 2.12.2012 година.

46.Сертификат за присуство на работилница *„Дијабетес мелитус”*, Центар за семејна медицина, Скопје, 16.12.2012 година.

47.За земено учество на стручен состанок на тема *„Paroxetine – Наш златен стандард во третманот на анксиозните и депресивните растројства”*, Здружение на психијатри на Република Македонија, Скопје, 27.12.2012 година.

48.Учество на работилница на тема *„Новини во превенцијата и третманот на тромбемболиите - третман со нови орални антикоагуланси”*, Здружение на кардиолозите на Р.Македонија, Штип, 2013 година.

49.Сертификат за присуство на работилница на тема *„Кардиоваскуларни ризици (Превенција, дијагноза и терапија)”*, Здружение на приватни лекари на Р.Македонија, Скопје, 2.3.2013 година.

50.За учество на работилница на тема *„Атерогена дислипидемија – Зошто? Кога? Како?”*, Здружение на интернисти на Р.Македонија, Штип, 20.1-20.3.2013 година.

51.За учество на работилница на тема *„Последици од субоптимален третман на БПХ”*, организарана од страна на Здружението на урологи на РМ, Штип, 13.3.2013 година.

52. За учество на секцискиот состанок на тема *„Анестезија во неврохирургија”*, Здружение на лекари по анестезија, реанимација и интезивно лекување заедно со Здружението на неврохирурзите на Република Македонија, Скопје, 4.4.2013 година.

53.За присуство на работилница на тема *„Депресија предизвикана од стрес како животен стил (дијагноза и третман)”*, Здружение на приватни лекари на Република Македонија, Штип, 13.4.2013 година.

54. За присуство на работилница на тема *„Хронична опструктивна белодробна болест и бронхијална астма предизвикана од алергени од различно потекло”*, Здружение на приватни лекари на Република Македонија, Штип, 2013 година.

55. За земено учество на стручен состанок на тема *„Улогата на ородисперзибилната формулација во третманот на психијатриски заболувања”*, Здружение на психијатрите на Република Македонија, Скопје, 19.4.2013 година.

56. За активно учество на IV Македонски конгрес на Историја на медицината, Скопје, 19.4.2013 година.

57. За учество на Тркалезна маса на тема *„ХПВ и асоцирани болести – превенција, дијагноза и третман”*, Охрид, 17.5.2013 година.

58. Учество на стручен состанок на тема *„Превенција и предикција на предвремено породување”*, Здружение на приватни гинеколози-акушери на Македонија, Скопје, 2013 година.

60.Учество на стручен состанок на тема *„Скрининг во прв триместар на бременоста”*, Здружение на приватни гинеколози-акушери на Македонија, Скопје, 2013 година.

61.За учество на стручниот состанок *„Модалитети на дијализата”* во организација на Здружението на нефролози при МЛД, Дојран, 7-9.6.2013 година.

62.За присуство на *Работилница за спроведување на скрининг за колоректален карцином*, Центар за семејна медицина, Скопје, 16.10.2013 година.

63.Сертификат за активно учество на усна презентација на тема *„Белодробна тромемболија”*, Семинар по кардиологија, Салзбург, Австрија, 20-26.10.2013 година

64.Учество на симпозиум на тема *„Третман на генитални ХПВ инфекции и цервикален карцином”*, Здружение на ХПВ на Македонија, Скопје, 20.11.2013 година.

65.За учество на 5. Македонски кардиолошки конгрес, Скопје, 4-7.6.2014 година.

66. For participated in the OMI Visiting Professorship in CardioDiabetes, Skopje, june 2014.

67. За присуство на тренинг – обуката за *сензибилизација на еколошко-социјалниот пристап за проблеми предизвикани од штетното користење на алкохолот и други комплексни проблеми (Худолин метод)*, Здружение на апстиненти „Здрав живот”, Штип,

март 2014 година.

68.За пасивно учество на научниот симпозиум „*Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата”*, Факултет за медицински науки – Дентална медицина, Штип, 29.3.2014 година.

69. Sertificate for computer based *Preliminary English Test (PET)*, 24.4.2014 година, организиран во Штип.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

***Стручна монографија***

Kamcev, Nikola and **Kamceva, Gordana** (2013). *60 години Трансфузиона медицина во Штип 60 години организирано и доброволно крводарителство (1953-2012)*. Documentation. Македонска асоцијација за историја на медицината.

Со оваа монографија се дава голем придонес за историјата на медицината, осврнувајќи се на почетоците, прикажувајќи го ретроспективно патот по кој се создавала и унапредувала трансфузиолошката служба во Штип. Исто така, се одбележуваат два големи јубилеји: 60 години служба за трансфузиона медицина и 60 години организирано и доброволно крводарителство во Штип. На овој начин се потрудиле авторите да ги заштитат од заборав сите личности и настани кои се дел од јубилеите. Воедно со овој монографски труд им се одава признание за хуманост на сите крводарители и благодарност на сите здравствени работници кои во изминатите шест децении ја создавале историјата на оваа служба.

***Член на уредувачки одбор на стручно списание***

Од јануари 2010 год. - Член во Редакција на “Medicus” - Информативен гласник на јавното здравство – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 123 и 125 од Законот за високо образование на Р.Македонија и член 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во звање асистент-докторанд на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Универзитетски гласник број 31, мај 2014 г.), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека асистент м-р д-р Гордана Камчева го надминува вкупниот предвиден квантум (НО+НИ+СА) на поени за избор во звањето асистент-докторанд.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката м-р д-р Гордана Камчева може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати и покажува постојан прогресивен стручен развој во областа на кардиологијата.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека ***м-р д-р Гордана Камчева наполно ги исполнува критериумите за избор во звање асистент-докторанд од областа на кардиологија.*** Затоа, со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му ја предложи да ја избере во асистент-докторанд за научната област кардиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Марија Вавлукис, насловен доцент, претседател, с.р.**
**Кочо Чакаларовски, редовен професор во пензија, член, с.р.**
**Милка Здравковска, вонреден професор, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р д-р Гордана Камчева, асистент, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

| | Наставно-образовна дејност (НО) | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Вкупно |
| | | Број | Поени | |
| **1.** | **Позитивно рецензирана скрипта** *„Одбрани подглавја на интерна медицина"* | 1 | 8 | **8** |
| **2.** | **Вежби (просечен неделен фонд на часови во двата семестри на прв циклус студии)** *2011/2012* *2012/2013* *2013/2014* | 16<br>16<br>16 | 0.5<br>0.5<br>0.5 | **8**<br>**8**<br>**8** |
| **3.** | **Воведување нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата (курсеви на е-учење)** | 10 | 2 | **20** |
| | **ВКУПНО** | | | **52** |

| | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ) | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **1.** | **Одбранет магистерски труд** | 1 | 4 | | | **4** |
| **2.** | **Студиски престој во странство** | | | 3 | 8 | **24** |
| **3.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено – *<u>во земјава:</u>*** 1, 2, 3, 4, 6,10 | 6 | 3 | | | **18** |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено – <u>странство:</u>** 5 | | | 1 | 3 | **3** |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено со меѓународен издавачки одбор – <u>во странство:</u>** 8, 9 | | | 2 | 6 | **12** |
| **6.** | **Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на научен собир – (во земјава):** 7, 11, 13, 14, 15, 17, 18, 21, 25, 26, 27 | 11 | 1 | | | **11** |
| **7.** | **Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на научен собир - (во странство):** 16, 19, 20, 22, 23, 24, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34 | | | 13 | 1.5 | **6.5** |
| **8.** | **Учество на научен собир со реферат (постер/усно) - странство** 12 | | | 1 | 2 | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **80.5** |

| | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА) | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Вкупно |
| | | број | поени | |
| **1.** | **Стручна монографија** | 1 | 3 | **3** |
| **2.** | **Член на уредувачки одбор на стручно списание** | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | **ВКУПНО** | | | **3,5** |
| | **ВКУПНО (НА) + (НИ) + (СА)** | 52 + 80.5 + 3,5 | | **136** |